**Влада на Република Северна Македонија**

Бр.4401-17/73

# З А П И С Н И К

од Седумдесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 30 јуни 2020 година

Скопје, јуни 2020 година

# З А П И С Н И К
## од Седумдесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија,
## одржана на 30 јуни 2020 година

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 14:20 часот.

Со седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Оливер Спасовски.

На седницата учествуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Мила Царовска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, членовите на Владата на Република Северна Македонија д-р Рената Дескоска, министер за правда, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, д-р Венко Филипче, министер за здравство, Горан Милевски, министер за локална самоуправа, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Хисен Цемаили, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата учествуваа и Благе Цветковиќ, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура, Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација, како и Лирим Шабани,

државен секретар во Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата учествуваше и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Радица Коцева, раководител на Сектор за централно финансирање и склучување договори (ЦФЦД) во Министерството за финансии.

На седницата не учествуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Садула Дураки, членовите на Владата на Република Северна Македонија, м-р Наќе Чулев, министер за внатрешни работи, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Хусни Исмаили, министер за култура, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација и д-р Бардул Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции,

*

*  *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

- **Усвојување на Записникот од 65-та седница на Владата, одржана на 12 јуни 2020 година**

- **Усвојување на Записникот од 66-та седница на Владата, одржана на 13 јуни 2020 година**

- **Усвојување на Записникот од 67-та седница на Владата, одржана на 15 јуни 2020 година**

- **Усвојување на Записникот од 68-та седница на Владата, одржана на 15 јуни 2020 година**

- **Усвојување на Записникот од 69-та седница на Владата, одржана на 16 јуни 2020 година**

- **Усвојување на Записникот од 70-та седница на Владата, одржана на 19 јуни 2020 година**

- **Усвојување на Записникот од 71-та седница на Владата, одржана на 22 јуни 2020 година**

- **Усвојување на Записникот од 72-та седница на Владата, одржана на 23 јуни 2020 година**

1. Записник од Осумдесет и третиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 24 јуни 2020 година

2. Записник од Осумдесет и четвртиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 25 јуни 2020 година

3. Записник од Осумдесет и петтиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 26 јуни 2020 година

4. Записник од Осумдесет и шестиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 27 јуни 2020 година

5. Записник од Осумдесет и седмиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 29 јуни 2020 година

6. Записник од Осумдесет и осмиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 30 јуни 2020 година

7. Записник од Шестата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 26 јуни 2020 година, со Предлог - одлука за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија

8. Годишен извештај за работењето на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање на услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД, Скопје за 2019 година, со Извештај од независниот ревизор и предлог - одлуки

9. Предлог - одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности ДП 03-264/20 (КО Куманово)

10. Информација во врска со Предлог - национален план за реинтеграција, ресоцијализација и рехабилитација на повратници од странски војски и членови на нивните семејства (жени и деца), со Предлог - национален план

11. Годишен извештај за управување со јавниот долг на Република Северна Македонија за 2019 година

12. Информација за правосилност на пресудата на Европскиот суд за човекови права во случајот Л.Р. против Република Северна Македонија А. бр.38067/15, со Предлог - одлука

13. Информација за прогресот на процесот на акредитација на осумте биохемиски лаборатории по ISO 15189

14. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Градежен факултет“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје (книги) 44-5509/1

15. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Факултетот за електротехника и информациски технологии“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје (книги) 44-5512/1

16. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Архитектонскиот факултет“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје (книги) 44-5508/1

17. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Факултетот за ветеринарна медицина“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје (книги) 44-5522/1

18. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Природно математичкиот факултет“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје (книги) 44-5513/1

19. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Факултетот за физичко образование, спорт и здравје“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје (книги) 44-5510/1

20. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Фармацевтскиот факултет“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје (книги) 44-5511/1

21. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Правниот факултет „Јустинијан Први" -Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје (книги) 44-5507/1

22. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Факултетот за земјоделски науки и храна“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје (книги) 44-5558/1

23. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Градежен факултет“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје (книги) 44-5550/1

24. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Факултетот за земјоделски науки и храна“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје (книги) 44-5519/1

25. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Факултетот за ветеринарна медицина“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје (книги) 44-5520/1

26. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на "Економскиот институт“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје (книги) 44-5518/1

27. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Економскиот факултет“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје 44-5517/1

28. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје (книги) 44-5515/1

29. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Филозофскиот факултет“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје (книги) 44-5514/1

30. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје (книги) 44-5516/1

31. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Факултетот за земјоделски науки и храна“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје (книги) 44-5563/1

32. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Економскиот факултет“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје (книги) 44-5533/1

33. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Градежен факултет“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје (книги) 44-5530/1

34. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Архитектонскиот факултет“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје (книги) 44-5529/1

35. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Правен факултет „Јустинијан Први“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје (книги) 44-5571/1

36. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Медицинскиот факултет“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје (книги) 44-5565/1

37. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Природно математичкиот факултет“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје (книги) 44-5524/1

38. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Економскиот институт“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје (книги) 44-5554/1

39. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Природно математичкиот факултет“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје (книги) 44-5553/1

40. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Архитектонскиот факултет“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје (книги) 44-5555/1

41. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Технолошко металуршкиот факултет“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје (книги) 44-5526/1

42. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Медицинскиот факултет“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје (книги) 44-5521/1

43. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Факултетот за електротехника и информациски технологии“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје (книги) 44-5523/1

44. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Фармацевтскиот факултет“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје (книги) 44-5528/1

45. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Филозофскиот факултет“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје (книги) 44-5527/1

46. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје (книги) 44-5525/1

47. Мислење од Народниот правобранител за начинот на отстранување на констатираните повреди, по предмет под бр.870/20 од 22.05.2020 година, а во врска со Уредбата со законска сила за изменување и дополнување на

Уредбата со законска сила за Законот за средното образование за време на вонредна состојба

48. Иницијатива поднесена од Државното правобранителство на Република Северна Македонија, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.16/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на членовите 10, 16, 25, 45, 53, 62, 65, 79 став 2 алинеја 4 и став 3 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.15/2015) и член 11 став 2, член 24 став 12, член 26, член 27, член 56 став 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/2019)

49. Иницијатива поднесена од Билјана Јорданоска од Прилеп, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.170/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 44 став 2 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/2019, 146/2019 и 275/2019)

50. Понуда од нотар Виолета Ангеловска од Битола за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.649 за КО Горно Оризари на КП бр.856 дел 1 викано место/улица Село

51. Кадровски прашања

52. Прашања и предлози

53. Информација за реконструкција на железничката пруга Ногаевци - Неготино, за период до 31 март 2020 година

54. Извештај за работа на Државниот завод за статистика во 2019 година

55. Информација за исплата на парични права од социјална заштита за јуни 2020 година

56. Предлог - договор за доделување на државна помош на Друштво за производство, трговија и услуги ВИК Македонија ДООЕЛ с. Алинци, Прилеп; и Предлог - одлука за давање согласност на договорот за доделување на државна помош на Друштво за производство, трговија и услуги ВИК Македонија ДООЕЛ с. Алинци, Прилеп - корисник на Технолошко индустриската развојна зона Прилеп

57. Информација со Акциски план за проектот „Бесплатна вакцинација против грип за сезона 2020/2021 година за ризични групи“

58. Информација за поведената постапка пред Одборот за разрешување на спорови во врска со реализацијата на Договорот за градежни работи „Подобрување на инфраструктурата за собирање на отпадни води во град Скопје" со Предлог - заклучоци

59. Информација за намалување на наградниот фонд на наградната игра „Мој ДДВ #Моја награда" и уплатата на средствата во Фондот за помош и поддршка за справување со кризата предизвикана од Коронавирусот COVID-19, Предлог-одлука за изменување на одлуката за приредување на наградната игра "Мој ДДВ #Моја награда" и Предлог на Анекс на Договор за организирање на наградната игра "Мој ДДВ #Моја награда".

*

*  *

Владата без забелешки ги усвои Записникот од 65-та седница на Владата, одржана на 12 јуни 2020 година, Записникот од 66-та седница на Владата, одржана на 13 јуни 2020 година, Записникот од 67-та седница на Владата, одржана на 15 јуни 2020 година, Записникот од 68-та седница на Владата, одржана на 15 јуни 2020 година, Записникот од 69-та седница на Владата, одржана на 16 јуни 2020 година, Записникот од 70-та седница на Владата, одржана на 19 јуни 2020 година, Записникот од 71-та седница на Владата, одржана на 22 јуни 2020 година и Записникот од 72-та седница на Владата, одржана на 23 јуни 2020 година.

*

*  *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

## Точка 1

Владата го разгледа и го усвои Записникот од Осумдесет и третиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 24 јуни 2020 година.

## Точка 2

Владата го разгледа и го усвои Записникот од Осумдесет и четвртиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 25 јуни 2020 година.

## Точка 3

Владата го разгледа Записникот од Осумдесет и петтиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 26 јуни 2020 година и согласно предлозите изнесени во расправата на седницата ги донесе следните заклучоци:

1. Го усвои Записникот од Осумдесет и петтиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 26 јуни 2020 година.

2. Го прифати предлогот од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство за активностите, начинот на работа и условите поврзани со уписите на ученици во јавните ученички домови во Република Северна Македонија, во учебната 2020/2021 година, со задолжително почитување на Протоколот за упис на ученици во јавните ученички домови во Република Северна Македонија, во учебната 2020/2021 година од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство и од Министерството за образование и наука.

3. Го прифати предлогот од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство за отпочнување со работа на библиотеки, музеи, галерии и изложбени простори со задолжително почитување на Протоколот за работа на библиотеки, музеи, галерии и изложбени простори од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство.

4. Го прифати предлогот од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство за отпочнување со работа на танцови и балетски клубови со задолжително почитување на Протоколот за начинот и условите на работа на танцови и балетски клубови од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство и од Асоцијацијата на модерни танцови.

5. Го прифати предлогот од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство за отпочнување со активности и работа со организациите на настани и манифестации на отворен простор, со задолжително почитување на Протоколот за начинот и условите за организација на настани од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство и од Асоцијацијата на „ивент“ индустријата.

6. Го прифати предлогот од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство за отпочнување со спортски тренинзи и натпревари во фудбал, без присуство на гледачи (публика), со задолжително почитување на Протоколот за спроведување на мерки за заштита од COVID-

19 при одржување на тренинзи на клубовите и одигрување на натпревари во фудбал од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство и од Фудбалската Федерација на Македонија.

Исто така, може да се отпочне и со спортски тренинзи и натпревари на отворено и за колективни/групни спортови, без присуство на гледачи (публика) и со задолжително и строго почитување на општите превентивни мерки за спречување и ширење на COVID-19.

7. Го прифати предлогот од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство за изменување на Прилогот број 2 – Протокол за отворање и работа на уплатно – исплатни места на приредувачите на игри на среќа во обложувалници од Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19.

8. Го прифати предлогот од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство државјаните на Република Северна Македонија и странските државјани при влез на територија на Република Северна Македонија задолжително да спроведат одредени превентивни мерки, препораки и упатства за спречување и ширење на COVID-19, во период од 14 дена од денот на влегување во државата, со задолжително почитување на Протоколот за спречување и ширење на COVID-19 при влез на државјани на Република Северна Македонија и странски државјани на територија на Република Северна Македонија од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство.

9. Го прифати предлогот од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство активностите, начинот на работа и условите поврзани со организираниот меѓународен и меѓуградски превоз на патници да се утврдуваат во и одвиваат со задолжително почитување на Протоколот за вршење на меѓународен превоз од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство, кој е даден во Прилог број 36 и Протоколот за вршење на меѓуградски превоз од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство.

10. Го прифати предлогот од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство за изменување на Протоколот за работа на угостителски објекти за сместување (хотели, мотели, хостели, пансиони и други објекти за сместување) во делот на сместување на гости од едно домаќинство во повеќекреветни соби и во делот на потребната заштитна опрема за лицата задолжени за одржување на хигиената во објектот за сместување.

Согласно ова, Владата донесе Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19.

**Точка 4**

Владата го разгледа и го усвои Записникот од Осумдесет и шестиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 27 јуни 2020 година.

**Точка 5**

Владата го разгледа и го усвои Записникот од Осумдесет и седмиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 29 јуни 2020 година.

**Точка 6**

Владата го разгледа и го усвои Записникот од Осумдесет и осмиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 30 јуни 2020 година.

**Точка 7**

Владата го разгледа Записникот од Шестата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 26 јуни 2020 година, со Предлог - одлука за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и Записник од седница на Групата за процена одржана на 10 јуни 2020 година и притоа заклучи:

1. Го усвои Записникот од Шестата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 26 јуни 2020 година.

2. Ја донесе Одлуката за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

3. Периодот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија е најмногу до 30 дена, почнувајќи од 2 јули 2020 година.

4. Веднаш да се информира Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија за донесената Одлука за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, согласно член 31 од Законот за управување со кризи.

5. За операционализација на Одлуката за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, а врз основа на дадениот предлог на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, Владата му предлага на Претседателот на Република Северна Македонија да одлучи за учество на дел од припадниците на Армијата на Република Северна Македонија (вид и број на сили и капацитети на армиските единици, намена и задачи за кои се бараат и времетраењето на активноста и ангажираноста на армиските единици), во справувањето со кризната состојба.

6. Главниот штаб при Центарот за управување со кризи веднаш да започне со подготовка на акциски план за превенција и справување со ситуацијата на подрачјата на јужната и северната граница на Република Северна Македонија.

7. Министерството за внатрешни работи, Армијата на Република Северна Македонија, Министерството за труд и социјална политика, Центарот за управување со кризи и Дирекцијата за заштита и спасување, со сите останати засегнати државни институции да ги стават на располагање сите расположливи капацитети и ресурси кои може да се ставаат во функција на справување со кризната состојба.

## Точка 8

Владата по Годишниот извештај за работењето на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање на услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД, Скопје за 2019 година, со Извештај од независниот ревизор, со дополнувањето, го донесе новиот текст на Одлуката за одобрување на Годишниот финансиски извештај со завршната сметка, Ревизорскиот извештај и Годишниот извештај за работа за 2019 година на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на

дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје, во предложениот текст.

По однос на новиот текст на Одлуката за распределба на добивката по Годишната сметка за 2019 година на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје, Владата заклучи да ја разгледа по завршување на Изборниот процес, а предлагачот да ја разгледа можноста, согласно Уредбата со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за трговските друштва за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.87/2020), добивката остварена од финансиското работење на трговските друштва се уплаќа во Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, согласно укажувањето во Мислењето на Министерството за финансии.

## Точка 9

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности, во предложениот текст.

## Точка 10

Владата го разгледа новиот текст на Информација во врска со Предлог - национален план за реинтеграција, ресоцијализација и рехабилитација на повратници од странски војски и членови на нивните семејства (жени и деца), со Предлог - национален план, и ја усвои со следниве нови заклучоци:

1. Го усвои Националниот план за реинтеграција, ресоцијализација и рехабилитација на повратници од странски војски и членови на нивните семејства.

2. Се задолжува Министерството за внатрешни работи во соработка со Меѓународниот аеродром „Скопје“ да обезбеди соодветни простории во зоната на гранична контрола со цел постапување во случај на пристигнување на странски терористички борци - повратници и членови на нивните семејства за обезбедување на првичен институционален третман, најдоцна до 31.7.2020 година.

3. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да обезбеди просторни и сместувачки капацитети за странските терористички борци - повратници и членовите на нивните семејства, согласно проценките за потребите, најдоцна до 31.7.2020 година.

4. Се задолжуваат Агенцијата за национална безбедност на Република Северна Македонија, Агенцијата за разузнавање, Министерството за внатрешни работи- Биро за јавна безбедност и Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција да пристапат кон формирање на Единствена база на податоци за странски терористички борци повратници, со која ќе управува Националниот координатор за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам како претседавач на Работната група за РРР, а чие користење ќе се заснова на строго дефинирани принципи и безбедносни протоколи врз основа на начелото "треба да знае", најдоцна до 31.7.2020 година.

5. Се задолжуваат Министерството за правда - Управа за водење на матични книги во соработка со Министерството за внатрешни работи, согласно законската регулатива, да започнат со подготвителни активности за дефинирање на начинот и постапката за издавање на лични документи заради можноста за упис на децата родени во кризните региони во Матична книга на родени, како и обезбедување на друг вид на помош за оваа категорија на граѓани од страна на институциите, најдоцна до 31.7.2020 година.

6. Се задолжуваат: Канцеларијата на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за надворешни работи, Министерството за внатрешни работи, Агенцијата за национална безбедност на Република Северна Македонија, Агенцијата за разузнавање, Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, Министерството за финансии, Министерството за локална самоуправа, Министерството за здравство, Државниот санитарен и здравствен инспекторат, Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за правда, Управата за извршување на санкции, Управата за водење на матичните книги, Комисијата за односи со верските заедници и религиозните групи, Агенцијата за млади и спорт, да направат финансиска анализа на потребните средства согласно акцискиот план во прилог на НПРРР и истата да ја достават до Канцеларија на Националниот координатор за СНЕ/БПТ, најдоцна до 31.7.2020 година.

7. Им се укажува на Центарот за јавно здравје, Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Народниот правобранител и Јавната установа за сместување на лица баратели на право на азил „Прифатен Центар за баратели на азил" да направат финансиска анализа за потребните средства согласно Акцискиот план во прилог на НПРРР и истата да ја достават до Канцеларија на Националниот координатор за СНЕ/БПТ, најдоцна до 31.7.2020 година.

8. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата да ја разгледа можноста за формирање на Сектор за поддршка на Националниот координатор за СНЕ/БПТ и Интер - ресорската работна група за РРР, согласно предлогот кој Националниот координатор за СНЕ/БПТ ќе го достави до Владата, најдоцна до 1.9.2020 година.

9. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да ја разгледа можноста за обезбедување на соодветен надомест за членовите на Интер – ресорската работна група за реинтеграција, ресоцијализација и рехабилитација на повратници од странски војски и членови на нивните семејства.

10. Се задолжуваат Канцеларијата на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за надворешни работи, Министерството за внатрешни работи, Агенцијата за национална безбедност на Република Северна Македонија, Агенцијата за разузнавање, Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, Министерството за финансии, Министерството за локална самоуправа, Министерството за здравство, Државниот санитарен и здравствен инспекторат, Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за правда, Управата за извршување на санкции, Управата за водење на матичните книги, Комисијата за односи со верските заедници и религиозните групи и Агенцијата за млади и спорт, кои се надлежни за реализација на активностите предвидени согласно НПРРР да ги обезбедат потребните финансиски средства во рамките на одобрените буџети за соодветната фискална година.

11. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата Република Северна Македонија, Националниот план за реинтеграција, ресоцијализација и рехабилитација на повратници од странски војски и членови на нивните семејства, веднаш по неговото усвојување да го достави до: Канцеларијата на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за надворешни работи, Министерството за внатрешни работи, Агенцијата за национална безбедност на Република Северна Македонија, Агенцијата за разузнавање, Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, Министерството за финансии, Министерството за локална самоуправа, Министерството за здравство, Државниот санитарен и здравствен инспекторат, Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за правда, Управата за извршување на санкции, Управата за водење на матичните книги, Комисијата за односи со верските заедници и религиозните групи, Агенцијата за млади и спорт, Центарот за јавно здравје, Агенцијата за

вработување на Република Северна Македонија, Народниот правобранител и Јавната установа за сместување на лица баратели на право на азил „Прифатен Центар за баратели на азил“ и Црвениот крст на Република Северна Македонија.

**Точка 11**

Владата го разгледа Годишниот извештај за управување со јавниот долг на Република Северна Македонија за 2019 година, го усвои Годишниот извештај и заклучи согласно член 27 став 1 од Законот за јавен долг да го достави до Собранието на Република Северна Македонија, за информирање.

**Точка 12**

Владата ја разгледа Информацијата за правосилност на пресудата на Европскиот суд за човекови права во случајот Л.Р. против Република Северна Македонија А. бр.38067/15, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, во предложениот текст.

Исплатата на средствата да се изврши најдоцна до 20 август 2020 година.

**Точка 13**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за прогресот на процесот на акредитација на осумте биохемиски лаборатории по ISO 15189, го усвои и го задолжи Министерството за здравство за прогресот на процесот на акредитација на осумте биохемиски лаборатории по ISO 15189, на секои шест месеци да ја известува Владата, се до завршување на Проектот.

**Точка 14**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Градежен факултет“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, во предложениот текст.

**Точка 15**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Факултетот за електротехника и информациски технологии“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, во предложениот текст.

**Точка 16**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Архитектонскиот факултет“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, во предложениот текст.

**Точка 17**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Факултетот за ветеринарна медицина“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, во предложениот текст.

**Точка 18**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Природно математичкиот факултет“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, во предложениот текст.

**Точка 19**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Факултетот за физичко образование, спорт и здравје“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, во предложениот текст.

**Точка 20**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Фармацевтскиот факултет“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, во предложениот текст.

**Точка 21**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, во предложениот текст.

**Точка 22**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Факултетот за земјоделски науки и храна“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, во предложениот текст.

**Точка 23**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Градежен факултет“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, во предложениот текст.

## Точка 24

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Факултетот за земјоделски науки и храна“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, во предложениот текст.

## Точка 25

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Факултетот за ветеринарна медицина“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, во предложениот текст.

## Точка 26

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Економскиот институт“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, во предложениот текст.

## Точка 27

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Економскиот факултет“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, во предложениот текст.

## Точка 28

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, во предложениот текст.

## Точка 29

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Филозофскиот факултет“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, во предложениот текст.

**Точка 30**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, во предложениот текст.

**Точка 31**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Факултетот за земјоделски науки и храна“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, во предложениот текст.

**Точка 32**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Економскиот факултет“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, во предложениот текст.

**Точка 33**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Градежен факултет“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, во предложениот текст.

**Точка 34**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Архитектонскиот факултет“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, во предложениот текст.

**Точка 35**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, во предложениот текст.

**Точка 36**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Медицинскиот факултет" при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, во предложениот текст.

**Точка 37**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Природно математичкиот факултет" при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје (најнов текст), во предложениот текст.

**Точка 38**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Економскиот институт" при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје (најнов текст), во предложениот текст.

**Точка 39**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Природно математичкиот факултет" при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје (најнов текст), во предложениот текст.

**Точка 40**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Архитектонскиот факултет" при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 41**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Технолошко-металуршкиот факултет" при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 42**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Медицинскиот факултет" при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 43**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Факултетот за електротехника и информациски технологии“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје (нов текст), во предложениот текст.

## Точка 44

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Фармацевтскиот факултет“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје (нов текст), во предложениот текст.

## Точка 45

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Филозофскиот факултет“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје (нов текст), во предложениот текст.

## Точка 46

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје (нов текст), во предложениот текст.

## Точка 47

Владата го разгледа Мислењето од Народниот правобранител за начинот на отстранување на констатираните повреди, по предмет под бр.870/20 од 22.05.2020 година, а во врска со Уредбата со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за Законот за средното образование за време на вонредна состојба и согласно Мислењето на Министерството за образование и наука заклучи да го извести Народниот правобранител за следново:

Согласно Уредбата со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за средното образование на време на вонредната состојба („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.116/20), ослободени од полагање на државна матура, училишна матура, завршен испит со тригодишно траење и завршен испит со четиригодишно траење во средното гимназиско образование, средното стручно образование, средното уметничко образование и средното образование за ученици со посебни образовни потреби, се учениците од завршните години на образованието во учебната 2019/2020 година, во коишто спаѓаат и учениците со попреченост во специјалните училишта, како и учениците со попреченост-инклузирани во редовната настава.

## Точка 48

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Државното правобранителство на Република Северна Македонија, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.16/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на членовите 10, 16, 25, 45, 53, 62, 65, 79 став 2 алинеја 4 и став 3 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр.15/2015) и член 11 став 2, член 24 став 12, член 26, член 27, член 56 став 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/2019) и притоа го утврди следново мислење:

Иницијативата за поништување на материјалните одредби од член 10 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија", број 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19), е неоснована и без издржани аргументи, од причина што со материјалните одредби од член 10 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија", број 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19), конкретно е дефинирано дека „Објектите изградени на површината на градежното земјиште, над или под површината, со намена трајно да останат, се дел од тоа градежно земјиште се додека од него не се одделат, освен ако правно ги одделува од тоа земјиште стварно право или друго право, кое носителот на тоа право го овластува на туѓо земјиште да има објект во своја сопственост или ако врз основа на концесија или јавно приватно партнерство носителот на тоа право го овластува на него да има објект во своја сопственост", а во насока на истото со ставот (2) од истиот член конкретно е дефинирано дека „Времен објект не е дел на градежното земјиште и врз основа на времен објект не се стекнува право на сопственост и други стварни права врз градежното земјиште", при што согласно материјалните одредби од член 10 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија", број 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19) воопшто не се влева правна несигурност, туку напротив се дава конкретно дефинирање кои права се остваруваат на градежно земјиште по основ на објекти, а притоа конкретно дефинирајќи ги објектите со намена трајно да останат и времени, при што со материјалните одредби од член 10 како целина воопшто не се врши повреда на член 8 став (1) алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, ниту пак се остава субјективна волја на државните органи при одлучување во управните постапки, а во таа насока при определувањето на објектите како недвижни ствари може да се применуваат и материјалните одредби од Законот за

сопственост и други стварни права („Службен весник на Република Македонија“ број 18/01, 92/08, 139/09 и 35/10).

Во поглед на Иницијативата за поништување на материјалните одредби од член 16 став (1) и (4) од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“, број 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19), се укажува дека истакнатите наводи на Државното правобранителство на Република Северна Македонија не претставуваат основ за поништување на наведените материјални одредби од причина што со оспорените одредби од Законот за градежно земјиште како lex specialis закон, конкретно се уредени начинот, постапката и условите за вршење на размена на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија со градежно земјиште во сопственост на физички и правни лица на кое е предвидено изградба на објекти од јавен интерес, на тој начин што законодавецот предвидел поголем степен на правна заштита на имотните права и интереси на државниот имот (градежно земјиште) во сопственост на Република Северна Македонија, а сето тоа во согласност со материјалните одредби од член 2 и 5 од Законот за Државното правобранителство („Службен весник на Република Македонија“ број 87/07 и 104/15) со кои конкретно е предвидено и законски обврзано Државното правобранителство на Република Северна Македонија да презема мерки и правни средства заради правна заштита на имотните права и интереси на Република Северна Македонија и врши други работи утврдени со овој и друг закон, како и дека Државниот правобранител и државните правобранители ги штитат имотните права и интереси на Република Северна Македонија и на државните органи основани со закон пред судовите и другите органи во земјата и странство. Исто така, согласно материјалните одредби од член 13 став (1) од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“, број 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19) конкретно е дефинирано дека „со градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија, во име на Република Македонија управува Владата на Република Северна Македонија“, додека согласно материјалните одредби од член 9 став (2) од Законот за Државното правобранителство („Службен весник на Република Македонија“ број 87/07 и 104/15) е дефинирано дека „Државниот правобранител за својата работа и за работата на Државното правобранителство одговара на Владата на Република Македонија“.

Согласно наведеното, се смета дека се ирелевантни наводите на Државното правобранителство на Република Северна Македонија дека со предвиденото давање на мислење со материјалните одредби од член 16 став (1) и (4) од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“, број 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19) се предвидува дека истото

преставува пропис или извор на право, а како такво е спротивно на одредбите од член 21 од Законот за облигационите односи („Службен весник на Република Македонија“ број 18/01, 78/01, 04/02, 59/02, 05/03, 84/08, 81/09 и 161/09), кои гласат „Кога за склучување на договор е потребна согласност од некое трето лице, оваа согласност може да биде дадена пред склучувањето на договорот, како дозвола или по неговото склучување, како одобрение, ако со закон не е пропишано нешто друго. (2) Дозволата, односно одобрението мора да биде дадено во форма пропишана за договорите за чие склучување се дава“, ова од причина што Државното правобранителство на Република Северна Македонија не земало во предвид дека во постапката за размена предмет на постапување е недвижен имот -градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, кое има посебен регулиран третман со одредбите од Законот за градежно земјиште, како и дека со одредбите од член 21 од Законот за облигационите односи („Службен весник на Република Македонија“ број 18/01, 78/01, 04/02, 59/02, 05/03, 84/08, 81/09 и 161/09) е предвидено давање на согласност пред склучување на договор, со законска можност да може и поинаку да се постапува во случај со друг закон да е пропишано нешто друго. При што постои целосна усогласеност на законските прописи, а врз основа на тоа се ирелевантни наводите дека е повреден член 51 од Уставот на Република Северна Македонија со кои е предвидено дека „Во Република Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите“.

Исто така, наводите на Државното правобранителство на Република Северна Македонија во однос на повреда на член 9, 51, 114 и 115, амандман XVI и XVII од Уставот на Република Северна Македонија, член 12 и 13 од Законот за државното правобранителство, член 2, член 4 став (1) и (2) и член 8 став (1) точка 6 од Законот за Владата на Република Македонија се ирелевантни и правно неиздржани како и конфузни и несинхронизирани од причина што со давањето на позитивно мислење предвидено со материјалните одредби од член 16 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“, број 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19) не се врши погрешно утврдување на надлежности, амнестирање од примена на Уставот, спречување на граѓанин да соработува со Државното правобранителство на Република Северна Македонија, ниту пак се врши ограничување на самостојноста на локалната самоуправа и граѓаните во одлучувањето за нивни прашања, односно Државното правобранителство на Република Северна Македонија не направило разлика помеѓу градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија (како имот во државна сопственост) и градежно земјиште во сопственост на Единиците на локалната самоуправа и градежно земјиште во приватна сопственост, односно не земало во предвид дека со градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија се располага исклучиво преку примена на

материјалните одредби од Законот за градежно земјиште како lex specialis, а не врз основа на слободна волја на Единиците на локалната самоуправа и граѓаните.

Во однос на Иницијативата за поништување на материјалните одредби од член 25 став (2) од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија", број 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19), оспорените одредби се во согласност со одредбите од Законот за сопственост и други стварни права („Службен весник на Република Македонија" број 18/01, 92/08, 139/09 и 35/10), и врз основа на тоа не постои повреда на одредбите од член 8 став (1) алинеја 3, член 9 и член 51 од Уставот на Република Северна Македонија.

Во однос на Иницијативата за поништување на материјалните одредби од член 45 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија", број 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19), Државното правобранителство на Република Северна Македонија нема наведено кои одредби од Законот за сопственост и други стварни права и Законот за договорен залог се повредени со одредбите од член 45 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија", број 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19). Со материјалните одредби на членот 45 конкретно е утврдено дека заснованието на судска, законска и договорна хипотека, се врши согласно со Законот за сопственост и другите стварни права и Законот за договорен залог, при што се исклучува можност за засновање на хипотека исклучително врз основа на одредби од Законот за градежно земјиште. Исто така со материјалните одредби од член 3 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија", број 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19) конкретно е дефинирано дека „ Градежното земјиште е добро од општ интерес за Републиката и ужива посебна заштита на начин и под услови утврдени со овој и друг закон. (2) Уредувањето на градежното земјиште е дејност од јавен интерес".

Во однос на Иницијативата за поништување на материјалните одредби од член 48 став (2) од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија", број 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19), Државното правобранителство на Република Северна Македонија неосновано бара бришење на зборовите „позитивно мислење" предвидени согласно материјалните одредби од член 48 став (2) од Законот за градежно земјиште со кои конкретно е регулирано дека: „Доколку другите сопственици или сосопственици се заинтересирани за земјиштето од ставот (1) на овој член,

отуѓувањето на градежното земјиште се врши врз основа на договор на кој е дадено позитивно мислење од Државното правобранителство на Република Македонија", од причина што истите се во целосна согласност со материјалните одредби од член 2 и 5 од Законот за Државното правобранителство („Службен весник на Република Македонија" број 87/07 и 104/15) со кои е предвидено Државното правобранителство на Република Северна Македонија да презема мерки и правни средства заради правна заштита на имотните права и интереси на Република Северна Македонија и врши други работи предвидени со друг закон, а законодавецот токму преку Законот за градежно земјиште (како друг закон) lex specialis предвидел давање на „позитивно мислење", се со цел заштита на државниот имот и овозможување на владеење на правото, при што постои целосна усогласеност на одредбите од Законот за градежно земјиште со одредбите од Законот за Државното правобранителство, а сето тоа во согласност со материјалните одредби од член 51 од Уставот на Република Северна Македонија.

Во однос на наводите од Иницијативата за оспорување на материјалните одредби од член 62 став (7), (8) и (9) од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија", број 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19), со кои се наведува дека „со давањето на мислење по нацрт договор се создава правна несигурност, а Државното правобранителство претставува самостоен орган кој презема дејства пред суд и други правни лица, како и дека како самостоен орган не е основано со Законот за организација и работа на органите на државната управа, а со тоа не ја спроведува политиката на извршување на законите на Владата на Република Северна Македонија", истите се неосновани и целосно неиздржани. Имено со давањето на мислење по Нацрт договорите за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија се обезбедува поголема правна сигурност (наспроти тврдењето на Државното правобранителство на Република Северна Македонија, дека се создава правна несигурност) од причина што се оневозможуваат правни и фискални последици по имотот и правните интереси на државата, кои би произлегле во случај на веќе склучен договор (што подразбира претходно извршна уплата на купопродажна цена и преземени права и обврски помеѓу договорните страни) да биде издадено негативно мислење од Државното правобранителство на Република Северна Македонија со дополнителни укажувања за постапувања. Согласно наведеното со оспорените материјални одредби од член 62 став (7), (8) и (9) од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија", број 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19) законодавецот воопшто не врши ограничување на самостојноста на Државното правобранителство на Република Северна Македонија, туку напротив согласно дефинираните надлежности од член 2 и 5 од Законот за државното правобранителство,

предвидел Државното правобранителство да издаде мислење, а дали истото ќе биде позитивно или негативно произлегува од утврдена фактичка состојба согласно самостојното и објективно постапување на Државното правобранителство на Република Северна Македонија, во согласност со законската нормативa, кој е обврзувачка за сите органи без оглед дали се основани со Законот за организација и работа на органите на државната управа или друг закон, при тоа законодавецот го имал во предвид начелото на „молчење на администрацијата" и во Законот за градежно земјиште како lex specialis, го предвидел истото со цел заштита на правата и интересите на државата и граѓаните на Република Северна Македонија, во согласност со Уставот на Република Северна Македонија.

Во однос на наводите од Иницијативата за оспорување на материјалните одредби од член 65 став (5) и (6) од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија", број 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19), со кои се наведува дека „согласно член 56 од Законот за нотаријат, член 114, 115 од Уставот на Република Северна Македонија, амандмани XVI и XVII, Државното правобранителство може да дава само мислење по заклучен договор на Република Северна Македонија, општините, општините во градот Скопје и Град Скопје со физички и правни лица пред нотар, а со одредби од член 56 од Законот за нотаријат се исцрпува правната ситуација давање на мислење од страна на Државното правобранителство на Република Северна Македонија, со други закони како што е Законот за градежно земјиште", истите се неосновани без да се земе во предвид дека давањето на мислење се однесува на нацрт решение со кое се уважува барањето за отуѓување на градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија и нацрт договорот кој следи по правосилноста на предметното решение, при што Државното правобранителство на Република Северна Македонија не земало во предвид дека начинот, постапката и условите за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија се конкретно регулирани со материјалните одредби од Законот за градежно земјиште како lex specialis, и се спроведуваат преку електронски систем www.gradezno-zemjiste.mk во кои се дефинирани преклузивни рокови и предвидена фаза пред донесување на позитивно решение и склучување на договор, која фаза произлегува исклучително од Законот за градежно земјиште како lex specialis, но не и со одредбите од Законот за нотаријат (кој не предвидува мислење по нацрт решение и нацрт договор). Имено со давањето на мислење по нацрт позитивно решение и нацрт договор за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија се обезбедува поголема правна сигурност и се оневозможуваат правни и фискални последици по имотно-правните интереси на државата, кои би произлегле во случај на веќе склучен договор (што подразбира претходно извршена уплата на купопродажна цена и преземени права и обврски помеѓу договорните страни) да биде издадено негативно мислење од

Државното правобранителство на Република Северна Македонија, и веќе склучениот договор да не може да биде предмет на солемнизација и понатамошно постапка, а купувачот и државата да се соочат со штетни последици и несакани управни и судски постапки. Согласно наведеното, а пред се од причина што со материјалните одредби од член 56 став (2) од Законот за нотаријат („Службен весник на Република Македонија" број 72/16 и 142/16) не предвидуваат мислење по нацрт решение и нацрт договор, истите не може да бидат основ за противуставност на материјалните одредби од член 65 став (5) и (6) од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија", број 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19).

Во однос на наводите од Иницијативата за оспорување на материјалните одредби од член 79 став (2) алинеја 4 и став (3) од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија", број 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19), истите се неосновани од причина што Државното правобранителство на Република Северна Македонија не ги земало во предвид одредбите од Законот за облигационите односи („Службен весник на Република Македонија" број 18/2001, 78/2001, 04/2002, 59/2002, 05/2003, 84/2008, 81/2009 и 161/09).

Во однос на наводите од Иницијативата за оспорување на материјалните одредби од член 11 став (2) од Законот за изменување и дополнување на Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19), истите се неосновани од причина што, со оспорените одредби законодавецот предвидел „доколку објавата за отуѓување или давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, содржи посебни дополнителни услови, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје се должни пред објавувањето да обезбедат позитивно мислење за нивна примена од Државното правобранителство на Република Северна Македонија, кој во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето ќе се произнесе по истото", кои што одредби се во целосна согласност со стварната надлежност на Државното правобранителство на Република Северна Македонија, која произлегува од материјалните одредби од член 2 и 5 од Законот за Државното правобранителство. Имено законодавецот предвиденото позитивно мислење го предвидел со цел правна заштита на државниот имот, од причина што предмет на располагање претставува недвижен имот-градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија (не во сопственост на Единиците на локалната самоуправа), како и задржување на правниот континуитет во поглед на давањето на мислење на нацрт договорот, како и евентуално заведување на судски спор (произлезено од градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, кое било отуѓено со примена на посебни дополнителни услови). Додека со оспорените

одредби не се бара посебно стручно мислење од стручни лица, односно законодавецот предвидел правно мислење, при што истакнатите наводи на Државното правобранителство на Република Северна Македонија не претставуваат основ за противуставност.

Во однос на наводите од Иницијативата за оспорување на материјалните одредби од член 24 точка (12) и член 27 од Законот за изменување и дополнување на Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19), истите се неосновани од причина што, со оспорените одредби законодавецот предвидел „одредба дека раскинување на договорите заради неисполнување на обврските во договорот од страна на купувачот се врши со еднострана изјава на волја на отуѓувачот изјавена од страна на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, преку Државното правобранителство на Република Северна Македонија“, кои што одредби се во целосна согласност со стварната надлежност на Државното правобранителство на Република Северна Македонија, која произлегува од материјалните одредби од член 2 и 5 од Законот за Државното правобранителство. Имено законодавецот давањето на „еднострана изјава за раскинување на договор“ преку Државното правобранителство на Република Северна Македонија го предвидел со цел правна заштита на државниот имот, од причина што со раскинување на Договорите за отуѓување на градежно земјиште по пат на електронско јавно наддавање, градежното земјиште се враќа во сопственост на Република Северна Македонија (не во сопственост на Единиците на локалната самоуправа), при што предмет на располагање е недвижен имот во државна сопственост. Исто така законодавецот со оспорените материјални одредби во целост го запазил правниот континуитет на правна заштита на државниот имот во случај на евентуален судски спор кој би произлегол по тужба на купувачот (како незадоволна страна од постапката при еднострано раскинување на договорот), при што предмет на правна заштита би биле правата и правните интереси по државниот имот и на државата, а не правата и правните интереси на Единиците на локалната самоуправа, а во насока на тоа се имале во предвид и материјалните одредби од член 13 став (1) од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“, број 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19) со кои конкретно е дефинирано дека „со градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија, во име на Република Северна Македонија управува Владата на Република Северна Македонија“, а согласно материјалните одредби од член 99 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“, број 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19), со кои е регулирано дека вршењето на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по исполнети услови го спроведуваат Општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, при

што во секој случај Владата на Република Северна Македонија управува со градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија. Согласно наведеното, материјалните одредби од член 24 точка (12) од Законот за изменување и дополнување на Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19), не се во спротивност со член 114 и 115, амандман XVI и XVII од Уставот на Република Северна Македонија, Законот за локална самоуправа, Законот за облигационите односи и Законот за Државното правобранителство, туку напротив со овие одредби на Законот за градежно земјиште како lex specialis се обезбедува владеење на правото и правна заштита на имотот на државата, од причина што општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје, при склучување на договорите за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија се јавуваат во својство на отуѓувачи во име на државата.

Во однос на наводите од Иницијативата за оспорување на материјалните одредби од член 26 став (5) и член 56 став (4) од Законот за изменување и дополнување на Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19), истите се неосновани од причина што, со оспорените одредби законодавецот предвидел едностраното и судското раскинување на договорите за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, да се спроведува преку Државното правобранителство на Република Северна Македонија, како стварно надлежен орган за заштита на државниот имот и државните интереси согласно Законот за Државното правобранителство. Имено законодавецот во предвидениот рок за раскинување на Договорите за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, во правен континуитет на претходните постапки предвидел правна заштита на државниот имот во судска постапка пред надлежните судови во државата, од истите причини како погоре наведеното (со раскинување на Договорите за отуѓување на градежно земјиште по пат на електронско јавно наддавање, градежното земјиште се враќа во сопственост на Република Северна Македонија (не во сопственост на Единиците на локалната самоуправа), при што предмет на располагање е недвижен имот во државна сопственост). Исто така законодавецот со оспорените материјални одредби во целост го запазил правниот континуитет на правна заштита на државниот имот-градежно земјиште (со кое управува Владата на Република Северна Македонија, а вршењето на работите за располагање се спроведува од Единиците на локалната самоуправа) во случај на евентуален судски спор кој би произлегол по иницијатива на отуѓувачот во име на државата, при што предмет на правна заштита би биле правата и правните интереси по државниот имот, а не правата и правните интереси на Единиците на локалната самоуправа. Согласно наведеното, Државното правобранителство не направило разлика помеѓу управување и вршење на работи за располагање со градежно земјиште, како и не земало во предвид дека Владата на Република Северна Македонија управува со градежното

земјиште сопственост на Република Северна Македонија, преку вршење на работите од страна на Единиците на локалната самоуправа, а врз основа на тоа материјалните одредби од член 26 став (6) од Законот за изменување и дополнување на Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19), не се во спротивност со член 114 и 115, амандман XVI и XVII од Уставот на Република Северна Македонија, Законот за локална самоуправа, Законот за облигационите односи и Законот за државното правобранителство, туку напротив со овие одредби на Законот за градежно земјиште како lex specialis се обезбедува владеење на правото и правна заштита на имотот на државата, со конкретно дефинирани надлежности на секој орган поединечно, а во согласност со сите други законски прописи. Во судските постапки кога предмет на спорт е градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, законодавецот предвидел заштита на државниот имот преку постапување на Државното правобранителство на Република Северна Македонија пред надлежните судови во државата, со конкретно разграничени надлежности при тоа имајќи ги предвид материјалните одредби од Законот за Државното правобранителство („Државното правобранителство на Република Северна Македонија презема мерки и правни средства заради правна заштита на имотните права и интереси на Република Северна Македонија ги штитат имотните права и интереси на Република Северна Македонија пред судовите и другите органи во земјата и странство и врши други работи утврдени со овој и друг закон“, „Државниот правобранител за својата работа и за работата на Државното правобранителство одговара на Владата на Република Северна Македонија“) и Законот за градежно земјиште („со градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија, во име на Република Македонија управува Владата на Република Северна Македонија), на тој начин што водел сметка дека Единиците на локалната самоуправа вршењето на работите за располагање со градежно земјиште го спроведуваат исклучително преку одредбите од Законот за градежно земјиште како lex specialis, а не по нивно дискреционо право и волја, како и дека предмет на постапување не е имот на Единиците на локалната самоуправа.

Имајќи го во предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија, да не ја прифати Иницијатива со оглед дека истата е неоснована и не содржи податоци за противуставност на оспорените одредби од Законот за градежно земјиште.

## <u>Точка 49</u>

Владата ја разгледа Иницијативата доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.170/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 44 став 2 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/2019, 146/2019 и

275/2019), поднесена од Билјана Јорданоска од Прилеп и притоа го утврди следново мислење:

Со Иницијативата се предлага поведување постапка за оценување на уставноста на член 44 став 2 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19, 146/19 и 275/19), од причина што подносителот на истата смета дека истата е ограничувачка и дискриминаторска одредба, поради тоа што право на надоместок заради попреченост може да оствари лице до навршување на 65 годишна возраст, а како што е наведено во предметната иницијатива истото е во спротивност со одредбите од членовите 8, 9, 10, 11, 29 став 1, 34, 35, 39, 50 став 1 и 51 од Уставот на Република Северна Македонија, спротивно на членовите 1, 2, 3, 4, 5 и 6 од Законот за заштита од дискриминација и членот 14 од Европската конвенција за човековите права.

Како аргументи во иницијативата, подносителот ги наведува прописите кои биле во сила до денот на влегувањето во сила на овој закон, а со кои правото на мобилност не било ограничено со горната граница на возраст на корисникот.

По однос на предметната иницијатива за оценување на уставноста на член 44 став 2 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.104/19, 146/19 и 275/19), разгледани се наводите во иницијативата и релевантните прописи, со цел за оцена на правните аргументи по однос на истата.

Имено, согласно со член 8 став 1 алинеја 1 од Уставот на Република Северна Македонија, основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право и утврдени во Уставот се темелна вредност на уставниот поредок на Република Северна Македонија.

Согласно член 9 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија, граѓаните на Република Северна Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба.

Правна основа за регулирање на системот на социјалната заштита претставуваат одредбите од Уставот на Република Северна Македонија и тоа член 34, со која одредба е утврдено дека граѓаните имаат право на социјална сигурност и социјално осигурување утврдени со закон и со колективен договор и член 35, со која одредба е дадено овластување Републиката да се грижи за социјалната заштита и социјалната сигурност на граѓаните согласно со начелото на социјална праведност, како и да им гарантира право на помош на немоќните и на неспособните за работа граѓани, да обезбеди

посебна заштита на инвалидните лица и услови за нивно вклучување во општествениот живот.

Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19, 146/19 и 275/19), во членот 2, ја дефинира социјалната заштита како дејност од јавен интерес која се остварува преку, мерки, активности, програми и политики за заштита од социјални ризици, превенција и надминување на социјалните проблеми кои неповолно се одразуваат врз добросостојбата на граѓаните, со цел промовирање и одржување на социјалната сигурност на граѓаните, спречување на социјалната исклученост, подобрување на квалитетот на животот на граѓаните и зајакнување на капацитетите на граѓаните за водење независен, активен и продуктивен живот.

Со член 3 од овој закон, е утврдено дека дејноста на социјалната заштита се обезбедува преку остварување на права на парична помош од социјална заштита и обезбедување на социјални услуги и други мерки утврдени со овој закон. Социјалната заштита се остварува и преку преземање на мерки и активности во вработувањето, стипендирањето, домувањето, заштита на семејството, заштита на децата, здравствената заштита, воспитанието и образованието и во други области согласно со закон. Установите за социјална заштита и другите даватели на социјални услуги во остварување на социјалната заштита, соработуваат со установите за деца, училиштата, здравствените установи, полицијата, правосудните и другите државни органи, здруженија и други правни и физички лица.

Согласно со член 6 од Законот за социјалната заштита, Републиката се грижи за социјалната заштита на граѓаните согласно со начелото на социјална праведност и го воспоставува системот на социјалната заштита и го овозможува неговото функционирање, а како носители на социјалната заштита се утврдени Републиката, Општината, Градот Скопје и општините во Градот Скопје, во рамките на нивните законски надлежности.

Со Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19, 146/19 и 275/19), се изврши реформа на системот на социјалната заштита и евидентно унапредување на правата на лицата со попреченост, засновано на начелата на социјалната заштита, особено на начелото на еднаков третман и недискриминација (член 15), начелото на партиципативност (член 17), начело на индивидуализација (член 18) и начелото на најдобар интерес (член 22).

Со овој пропис, во насока на олеснување на животот и поголемо социјално вклучување на лицата со попреченост како парични права се воведуваат првото на надоместок заради попреченост, надоместок за помош и нега од друго лице, надоместок на плата за скратено работно време поради нега на

детето со попреченост и најтешки облици на хронични заболувања, како и траен надоместок на родител кој се грижеле за своето дете со попреченост и не го сместиле во социјална установа, да се стекне со овој надоместок на возраст за пензионирање, поради тоа што не се стекнале со пензија по друг основ. Со овој закон, правото на надоместок заради попреченост се проширува и за лицата со интелектуална попреченост, додека додатокот за надоместок за плата за скратено работно време за родител кој чува дете со попреченост се зголемува до 50% од просечна нето плата.

Надоместок заради попреченост, согласно со член 44 од Законот за социјалната заштита, има за цел преку овој надоместок да се обезбеди поттикнување на социјално вклучување и еднакви можности на лице кое е со тешка или длабока интелектуална попреченост, со најтешка телесна попреченост, потполно слепо лице и потполно глуво лице.

Со став 2 на оваа одредба, надоместок заради попреченост може да оствари лице со навршени 26 години возраст, најдоцна до 65 годишна возраст, а се користи без оглед на старосната возраст на корисникот.

Со член 48, право на надоместок за помош и нега од друго лице може да оствари лице со навршени 26 години возраст, со умерена, тешка или длабока интелектуална попреченост, лице со потешка и најтешка телесна попреченост, потполно слепо лице, како и лице со трајни промени во здравствената состојба, на кое му е неопходна помош и нега од друго лице заради тоа што не може само да ги врши основните активности од секојдневниот живот доколку ова право не може да го оствари врз основа на други прописи.

При тоа, надоместокот заради попреченост и надоместок за помош и нега од друго лице, меѓусебно не се исклучуваат.

Со преодните одредби на Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19), со член 359 е дадено задолжување на центрите за социјална работа по службена должност со решение да извршат преведување на лицата кои оствариле права според досегашните прописи од социјална заштита, во правата утврдени со одредбите на новиот закон, во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Воедно, со членот 360 од овој закон, корисниците на постојана парична помош, додатокот на мобилност и слепило, додатокот за глувост и паричен надоместок за помош и нега од друго лице се преведуваат во соодветното право на парична помош од социјална заштита согласно со постојниот наод, оцена и мислење врз основа на кој е стекнато правото, до истекот на периодот за контролен преглед, додека со членот 363, лицата кои со решение на

Центарот за социјална работа се сместени во установа за институционална заштита и користат право на додаток на мобилност и слепило и додаток за глувост во согласност со прописите што биле во сила до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе продолжат со користење на надоместокот заради попреченост согласно со одредбите од овој закон, додека трае сместувањето.

Со Законот за социјална сигурност за старите лица („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19), лицето над 65 годишна возраст, заедно со неговиот брачен другар или лицето со кое живее во вонбрачна заедница, остваруваат парично право во висина на месечен износ од 6.000 денари, како и паричен додаток заради покривање на дел од трошоците за потрошувачка на енергенси во домаќинството во висина од 1.000 денари месечно, за месеците од октомври до март.

Реформата на системот на социјална заштита, воведена со новиот Закон за социјалната заштита, овозможи користење на социјални услуги како помош во домот, лична асистенција, обезбедување на помош и поддршка и други услуги во центри за дневно и привремен престој, согласно индивидуалните потреби на крајните корисници.

Имено, новиот закон предвидува унапредување и развивање на социјалните услуги кои ќе се обезбедуваат во домот на корисникот, во заедницата и вон семејството, како и иновативни и интервентни социјални услуги.

Услугата помош и нега во домот се обезбедува помош во вршење основни и инструментални активности од секојдневниот живот за лица со намален функционален капацитет, додека услугата лична асистенција опфаќа индивидуална помош за лица со намален функционален капацитет за остварување на основните и инструменталните активности од секојдневниот живот за задоволување на личните потреби и поттикнување на социјалната интеграција и партиципација во општествениот живот, како директна поддршка на лицата со попреченост за овозможување на независен живот и вклучување во општеството.

Исто така, се развива и услугата за одмена на семејна грижа која ќе обезбедува краткотрајно згрижување на зависни членови од семејството заради одмор, лични и професионални потреби на членови на семејството кои се грижат за нив, што е исто така дел од новиот Закон за социјалната заштита.

Врз основа на наведеното, член 44 став 2 од Законот за социјалната заштита се заснова на уставното начело на социјална праведност, се гарантира право на помош на немоќните и на неспособните за работа граѓани и се обезбедува посебна заштита на инвалидните лица и услови за нивно вклучување во општествениот живот.

Исто така, членот 44 став 2 од Законот за социјалната заштита е во согласност со членот 14 од Европска конвенција за заштита на човековите права, во однос на уживањето на правата и слободите, признати со оваа конвенција и забраната на дискриминација заснована врз пол, раса, боја на кожата, јазик, вера, политичко или кое и да е друго мислење, национално или социјално потекло, припадност на национално малцинство, материјална положба, потекло по раѓање или кој и да е друг статус.

Врз основа на претходно наведените правни аргументи, Владата на Република Северна Македонија смета дека со ваквата законска определба не се нарушуваат темелните вредности на владеење на правото и еднаквоста на граѓаните утврдени во Уставот на Република Северна Македонија.

Имајќи го предвид претходно наведеното, се смета дека член 44 став 2 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19, 146/19 и 275/19) е во согласност со член 8 став 1 алинеја 1, член 9, член 34 и член 35 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 44 став 2 од Законот за социјалната заштита.

## Точка 50

Владата ја разгледа Понудата за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.649 за КО Горно Оризари на КП бр.855 дел 1 викано место/улица Село, доставена од нотар Виолета Ангеловска од Битола и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 51

По оваа точка немаше предлози.

## Точка 52

**1.** По повод барањето согласност за спроведување на јавна набавка за реконструкција и адаптација на простории за потребите на АД за аеродромски услуги Аеродроми на Република Северна Македонија под бр. 02-149/1 од 29.6.2020 година Владата, заклучи АД за аеродромски услуги Аеродроми на Република Северна Македонија да ја спроведе јавната набавка доколку истата е предвидена во планот за јавни набавки на акционерското

друштво со укажување да се имаат предвид ограничувањата поради изборниот период.

**2.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија за периодот од 22 јуни 2020 година до 28 јуни 2020 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

**3.** Владата заклучи Министерство за здравство, во соработка со Секретаријатот за европски прашања да пристапат кон склучување и спроведување на Договорот за донација од Обединетата македонска дијаспора.

**4.** Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Мислењето од Министерство за информатичко општество и администрација по Заклучок од 26-та седница на Генералниот колегиум, во врска со примената на член 9 од Законот за изменување и дополнување на Законот за административни службеници („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 14/20).

## Точка 53

Владата ја разгледа Информацијата за реконструкција на железничката пруга Ногаевци - Неготино, за период до 31 март 2020 година, како материјал за информирање.

## Точка 54

Владата го разгледа Извештајот за работа на Државниот завод за статистика во 2019 година, како материјал за информирање.

## Точка 55

Владата ја разгледа Информацијата за исплата на парични права од социјална заштита за јуни 2020 година, и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да ги достави податоците за корисниците на парични права од социјална заштита до деловните банки најдоцна до 3.7.2020 година.

2. Се препорачува на деловните банки да обезбедат достапност на средствата од јунските исплати на паричните права од социјална заштита преку банкомати и во трговските мрежи од 4.7.2020 година.

## Точка 56

Владата ја разгледа Информацијата за Предлог - договор за доделување на државна помош на Друштво за производство, трговија и услуги ВИК Македонија ДООЕЛ с. Алинци, Прилеп - корисник на Технолошко-индустриска развојна зона Прилеп и Предлог-одлука за давање согласност на договорот за доделување на државна помош на Друштво за производство, трговија и услуги ВИК Македонија ДООЕЛ с. Алинци, Прилеп - корисник на Технолошко индустриската развојна зона Прилеп и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Кабинетот на министерот без ресор, задолжен за привлекување на странски инвестиции, Зорица Апостолска, да достави до Комисијата за заштита на конкуренцијата, известување за планирано доделување на државна помош согласно предложениот договор за доделување на државна помош на Друштво за производство и трговија ВИК Македонија ДООЕЛ с. Алинци, Прилеп.

2. Се задолжува Кабинетот на министерот без ресор, задолжен за привлекување на странски инвестиции, Зорица Апостолска, во определен рок по добивањето на соодветен акт за оценка на државната помош, односно Решение за оцена на помош од Комисијата за заштита на конкуренцијата да ја информира Владата и да го достави Договорот за државна помош.

## Точка 57

Владата ја разгледа Информацијата за проектот „Бесплатна вакцинација против грип за ризични групи“, со Акциски план и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати Акцискиот план за проектот „Бесплатна вакцинација против грип за ризични групи “.

2. Се задолжува Министерство за здравство на секои шест месеци до Владата да доставува информација за прогресот на активностите од Акцискиот план, се до конечна реализација на проектот „Бесплатна вакцинација против грип за ризични групи “.

## Точка 58

Владата ја разгледа Информацијата за поведената постапка пред Одборот за разрешување на спорови во врска со реализацијата на Договорот за градежни работи „Подобрување на инфраструктурата за собирање на отпадни води во град Скопје“, и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии да ги преземе потребните активности за обезбедување на финансиски средства во рамките на ГИЗ Проектот „Отворен фонд за поддршка на ЕУ процесите“, за финансирање на услугите на адвокатска помош што ќе обезбеди правна стручна поддршка во првата фаза од поведената постапката пред Одборот за разрешување на спорови во врска со реализацијата на Договорот за градежни работи „Подобрување на инфраструктурата за собирање на отпадни води во град Скопје“.

2. Се задолжуваат Министерството за финансии и Министерството за животна средина и просторно планирање, а се укажува на Градот Скопје и Јавното комунално претпријатие „Водовод и канализација“ Скопје да номинираат претставници кои ќе ја поддржуваат работата на ангажираната правна помош, во рок од 5 дена од усвојувањето на оваа информација.

3. Се задолжува Министерството за финансии, по обезбедувањето на адвокатска помош, да пристапи кон потпишување на Договорот за решавање на спорот пред Одборот за разрешување на спорови во врска со реализацијата на Договорот за градежни работи „Подобрување на инфраструктурата за собирање на отпадни води во град Скопје“.

4. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, а се укажува на Градот Скопје и Јавното комунално претпријатие „Водовод и канализација“ Скопје навремено и ажурно да одговараат на сите побарани мислења и да ги обезбедат сите потребни податоци побарани од Министерството за финансии во фазата на подготовка за ДАБ, заради обезбедување на севкупната потребна документација и успешно завршување на поведениот спор.

5. Се задолжува Министерството за финансии да ги преземе потребните активности за обезбедување на адвокатска помош што ќе обезбеди правна стручна поддршка во следните фази од постапката пред Одборот за разрешување на спорови во врска со реализацијата на Договорот за градежни работи „Подобрување на инфраструктурата за собирање на отпадни води во град Скопје”, и за тоа да ја информира Владата по завршување на парламентарните избори и формирањето на Владата на Република Северна Македонија.

## <u>Точка 59</u>

Владата ја разгледа Информацијата за намалување на наградниот фонд на наградната игра „Мој ДДВ # Моја награда“ и уплата на средствата во Фондот за помош и поддршка за справување со кризата предизвикана од Коронавирусот COVID-19, со Предлог-одлука за изменување на Одлуката за

приредување на наградната игра „Мој ДДВ # Моја награда“ и Предлог на Анекс на Договор за организирање на наградната игра „Мој ДДВ # Моја награда“ и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за приредување на наградната игра „Мој ДДВ # Моја награда“, во предложениот текст.

2. Се препорачува на Акционерското друштво за приредување игри на среќа „Државна лотарија на Република Северна Македонија“ средствата во износ од 7.574.766,00 денари да ги уплати на донаторската сметка отворена во Владата на Република Северна Македонија наменета за донации од правни и физички лица за справување со COVID-19 епидемијата.

3. Се задолжуваат Министерството за финансии, Управата за јавни приходи и Акционерското друштво за приредување игри на среќа „Државна лотарија на Република Северна Македонија“, да склучат анекс на договорот за заедничко организирање на наградната игра „Мој ДДВ # Моја награда“ во согласност со Одлуката која е предмет на оваа информација.

4. Се препорачува на Акционерското друштво за приредување игри на среќа „Државна лотарија на Република Северна Македонија да достави барање до Министерството за финансии за поврат на повеќе уплатените средства по основ на надоместокот за приредување на наградната игра во износ од 2.151.471,00 денари и по извршениот поврат истите да ги уплати на донаторската сметка на Владата на Република Северна Македонија наменета за донации од правни и физички лица за справување со COVID-19 епидемијата.

5. Се препорачува на Акционерското друштво за приредување игри на среќа „Државна лотарија на Република Северна Македонија“ да ги измени Правилата за приредување на наградната игра „Мој ДДВ # Моја награда“ и да направи техничко прилагодување за реализација на истите.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15 часот.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА
ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА
МАКЕДОНИЈА

д-р Драги Рашковски

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА
МАКЕДОНИЈА

Оливер Спасовски